# Дали се ова вашите бели дробови?



Борка

*за секој нов ден*

## Што се белите дробови?

Белите дробови се пар на конусоидни органи налик на сунѓер кои се дел од респираторниот систем. Десниот има три делови или ресички, а левиот две. Кога вдишуваме, внесуваме кислород којшто им е неопходен на клетките во нашето тело за да живеат и за да ги извршуваат своите вообичаени функции. Кога издишуваме, белите дробови ослободуваат јаглерод диоксид , штетен производ добиен од клетките во телото.

## Кој е ризикот од појава на рак на белите дробови?

Кај секого има можност да се појави рак на белите дробови, но некои луѓе секојдневно се изложени на поризични фактори, односно предуслови за појава на болеста. Доколку сте дел од следните групи, кај вас постои зголемен ризик за појава на рак на белите дробови:

- користење цигари, пури и лулиња
- изложеност на чад од цигари, познато и како „пасивно пушење“
- претходна појава на белодробни заболувања како што е туберкулозата
- генетска предиспозиција за појава на рак на белите дробови



## Што може да се направи за да се спречи ракот на белите дробови?

Научниците продолжуваат да ги проучуваат причините за ракот на белите дробови и да бараат начини за спречување на неговата појава. Но, најдобриот начин за да се спречи оваа болест е веќе познат – да се престане со пушење на цигари или никогаш да не се започне, бидејќи најголемиот ризик фактор за развој на рак на белите дробови е пушењето, на кое што отпаѓаат 9 од 10 случаи на рак на белите дробови. Колку побрзо ќе престанете со пушењето, толку подобро за вас и вашето здравје.

## Кои се симптомите за појава на ракот на белите дробови?

Најчести знаци и симптоми на ракот на белите дробови се:

- кашлица што не престанува, туку се влошува
- постојана болка во градите
- искашлување на крв
- недостиг на воздух, отежнато дишење
- хроничен бронхит и пневмонија
- отекување на вратот и лицето
- губење на апетит, губење на телесна тежина
- несвестица

## Факти за врската меѓу цигарите и ракот

Во Македонија, најголем дел од лицата кои пушат, односно 47,6% се експерти или уметници. Нешто повеќе од 15% се рудари и индустриски работници, а скоро 15% се ученици. Според последните статистички податоци, најголем процент од регуларните пушачи, 58,3% се лица на возраст од 35 до 54 години, а загрижува податокот дека 17,7% од пушачите се млади на возраст од 15 до 24 години. Болестите на дишните патишта и на белите дробови сепак се најголем здравствен непријател. Македонците најмногу боледуваат токму од нив.

„Лошите навики можат да се променат, со што може да се одложи појавата на заболувањето, но најважна улога во таа борба има поединецот" - велат лекарите специјалисти.

Можеби веќе знаете дека е тешко да престанете да пушите, но постојат добри причина поради кои треба да го направите тоа:

- шансите пушачите да добијат рак на белите дробови се десет пати поголеми од оние кај непушачите
- пушењето е одговорно за 87% од случаите на рак на белите дробови
- цигарите се главната причина за белодробни заболувања, хроничен бронхит, срцеви заболувања, чир на желудник и други.



## Дијагностицирање на рак на бели дробови

Присуството на некој од симптомите и сомнението за рак на бели дробови е индикација за понатамошно испитување. Методи за поставување на оваа дијагноза се: рентген на граден кош, бронхоскопија, преглед на исплувок (секрет од градниот кош) за откривање на малигни клетки, компјутеризирана томографија, магнетна резонанца и други методи кои би можеле да бидат потребни.

## Лекување на рак на бели дробови

Лекувањето на ракот на белите дробови зависи од повеќе фактори. Болеста многу лесно се шири низ лимфниот систем и крвотокот и брзо напредува. Постојат три стандардни методи на лекување на ракот на белите дробови:

1. Операција
2. Радиотерапија (зрачење) и
3. Хемотерапија (цитостатици и целна терапија)

Во зависност од типот на ракот, фазата на болеста, општото здравје и возраста на пациентот, може да се користи еден метод или нивна комбинација. Операцијата и зрачната терапија можат да доведат до излекување на ракот на белите дробови доколку е локализиран (не се проширил на околните ткива).





Ако се лекува во оваа фаза и доколку  пациентот е во добра општа состојба стапката на излечени пациенти со рак на бели дробови надминува 64%.

Сепак, раното дијагностицирање се среќава само во 15% од случаите со рак на бели дробови.

*„Пушењето е втора по големина причина за смрт во светот и тоа моментно е причина за смртта на еден од десет возрасни лица во светот. Секоја година умираат околу пет милиони лица и ако продолжи ова темпо, пушењето ќе предизвика смрт на десет милиони луѓе до 2020 година.“*

Борка
за секој нов ден

Здружение за борба против рак
Борка - за секој нов ден

02/ 3224 636
borka.mk@gmail.com
www.borka.org.mk